Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги



# Структура на вработените во аудио
# и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година

август, 2023 година

Содржина


- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 827 | 666 | 126 | 1 | 543 | 284 |
| Уредници | 181 | 150 | 30 | 1 | 155 | 26 |
| Управители/директори | 85 | 49 | 35 | 1 | 73 | 12 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 272 | 79 | 183 | 5 | 224 | 48 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 601 | 159 | 430 | 5 | 523 | 78 |
| Маркетинг | 68 | 43 | 25 | 0 | 39 | 29 |
| Преостанат кадар | 262 | 91 | 151 | 7 | 167 | 95 |
| **Вкупно** | **2.296** | **1.237** | **980** | **20** | **1.724** | **572*** |

*Агенцијата не располага со податоци за степенот на образование на хонорарно ангажираните лица во МРТ

Во 2022 година, вкупниот број на вработени во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија изнесувал 2.296 лица. Од нив, 28% биле вработени во јавниот, а 72% во комерцијалниот сектор (56% во телевизиите и 16% во радијата).




Во однос на претходната година, бројот на вработени се намалил во сите три сегменти, и тоа: кај МРТ за 38 лица, кај комерцијалните телевизии за 84 лица и кај комерцијалните радиостаници за 31 лице.




Од вкупно 1.724 вработени во редовен работен однос, 588 лица работеле во Македонската радиотелевизија, 961 лице биле во комерцијалните телевизии и 175 лица во комерцијалните радиостаници.

Со хонорарен ангажман биле 572 лица, од кои во јавниот сектор биле ангажирани 59 лица, а во комерцијалниот 513 лица (332 лица во телевизиите и 181 лице во радијата).

Новинари – 827 лица
Уредници – 181 лице
Управители – 85 лица
Технички кадар – 272 лица
Реализаторски кадар – 601 лице
Маркетинг – 68 лица
Преостанат кадар – 262 лица



Најброен кадар биле новинарите, чие учество во структурата на вработените изнесувало 36%. Најголем дел од нив (35%, односно 293 лица) биле ангажирани во 11-те телевизии на државно ниво.

Високо образование имале 1.237 лица, од кои повеќе од половината (666 лица) работеле како новинари. Со средно образование биле 980 лица, а 20 лица имале друг степен на образование.

Во целата индустрија биле вработени 1.365 мажи и 931 жена. Најголема разлика во застапеноста на половите имало кај реализаторскиот кадар, каде што биле ангажирани 371 мажи повеќе отколку жени.



Од вработените, 1.633 биле Македонци, 522 биле Албанци, 46 Турци, 36 Срби, 27 Бошњаци, 18 Роми, 10 Власи, а четири биле припадници на други националности.

- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 252 | 172 | 46 | 0 | 218 | 34 |
| Уредници | 63 | 63 | 0 | 0 | 63 | 0 |
| Управители/директори | 3 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 98 | 22 | 69 | 2 | 93 | 5 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 199 | 62 | 125 | 5 | 192 | 7 |
| Маркетинг | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 32 | 8 | 11 | 0 | 19 | 13 |
| **Вкупно** | **647** | **330** | **251** | **7** | **588** | **59** |

Во јавниот сервис биле вработени 647 лица. Од нив, 91% биле во редовен работен однос, а останатите 9% имале хонорарен ангажман.




Од 588 редовно вработени, 438 лица работеле во Македонската телевизија, а 150 лица во Македонското радио. Додека пак од вкупно 59 хонорарци, 53 биле ангажирани во телевизијата, а шест во радиото.

Новинарскиот и релизаторскиот кадар биле најбројни во структурата на вработените. Учеството на новинарите останало исто како во претходната година - 39%, а учеството на лицата кои работеле како режисери, сниматели и монтажери се зголемило од 25% на 31%.




Во јавниот сервис работеле 297 жени и 350 мажи. Кај новинарскиот кадар и кај уредништвото имало повеќе жени од мажи, а како техничари и реализаторски кадар биле вработени значително повеќе мажи отколку жени.

Од вработените во редовен работен однос, 330 имале високо образование, а 52% од нив биле новинари. Со средно образование биле 251 лице, од кои половина биле вработени како реализаторски кадар (50%).







Што се однесува до етничката припадност, 418 вработени лица биле Македонци, 162 биле Албанци, 29 Турци, 19 Срби, по шест лица биле Роми и Власи, четири Бошњаци, а три лица биле од друга националност.

- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 415 | 359 | 56 | 0 | 272 | 143 |
| Уредници | 77 | 59 | 17 | 1 | 64 | 13 |
| Управители/директори | 39 | 27 | 12 | 0 | 37 | 2 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 125 | 44 | 80 | 1 | 101 | 24 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 373 | 89 | 284 | 0 | 315 | 58 |
| Маркетинг | 54 | 35 | 19 | 0 | 34 | 20 |
| Преостанат кадар | 210 | 74 | 132 | 4 | 138 | 72 |
| **Вкупно** | **1.293** | **687** | **600** | **6** | **961** | **332** |

На 31.12.2022 година, вкупниот број на вработени во комерцијалните телевизии изнесувал 1.293 лица. Од нив, 77% биле вработени во телевизиите на државно ниво, 15% во телевизиите на регионално ниво и 8% во телевизиите на локално ниво.




Во редовен работен однос биле 961 лице, а 332 лица биле хонорарно ангажирани.

Најбројни категории на вработени биле новинарите (415 лица) и реализаторите (373 лица). Во споредба со претходната година, бројот на новинари останал ист само кај телевизиите на државно ниво преку кабел и сателит, а бројот на релизатори само кај локалните телевизии. Во сите други сегменти на телевизискиот пазар нивниот број се намалил.

| | Новинари 2021/2022 | | Реализатори 2021/2022 | |
|---|---|---|---|---|
| ТВ на државно ниво преку терестријален мултиплекс | 200 | 195 | 257 | 231 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 98 | 98 | 90 | 86 |
| ТВ на регионално ниво | 81 | 78 | 45 | 41 |
| ТВ на локално ниво | 45 | 44 | 15 | 15 |
| Вкупно | 424 | 415 | 407 | 373 |

47% од новинарите и 62% од реализаторите биле вработени во телевизиите на државно ниво кои емитуваат програма преку терестријален мултиплекс.

Според половата застапеност, во структурата на вработените мажите биле побројни од жените, односно 814 биле мажи, а 479 биле жени.

63% мажи



37% жени

Повеќе жени отколку мажи имало кај новинарскиот кадар,  преостанатиот кадар и во секторот маркетинг. Кај останатите категории на вработени побројни биле лицата од машки пол.






Од вкупниот број на вработени, со високо образование биле 687 лица, со средно образование биле 600 лица, а шест лица имале друг степен на образование.



Поточно, високо образование имале 87% од новинарите, 77% од уредниците, 69% од управителите, 35% од техничкиот кадар, 24% од реализаторите, 65% од вработените во категоријата „маркетинг“ и 35% од вработените во категоријата „преостанат кадар“.

Најголем дел од лицата со средно образование работеле како режисери, сниматели и монтажери (47%).

Според етничката припадност на вработените во комерцијалните телевизии, 71% биле Македонци, 24% биле Албанци, 2% биле Бошњаци и по 1% биле Турци, Роми и Срби. Само две лица биле од влашка националност, а едно лице било припадник на друга националност.




Најголем број Македонци биле ангажирани како новинари (301 лице), а најголем дел од Албанците работеле како реализатори (102 лица).

- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 160 | 135 | 24 | 1 | 53 | 107 |
| Уредници | 41 | 28 | 13 | 0 | 28 | 13 |
| Управители/директори | 43 | 19 | 23 | 1 | 33 | 10 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 49 | 13 | 34 | 2 | 30 | 19 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 29 | 8 | 21 | 0 | 16 | 13 |
| Маркетинг | 14 | 8 | 6 | 0 | 5 | 9 |
| Преостанат кадар | 20 | 9 | 8 | 3 | 10 | 10 |
| **Вкупно** | **356** | **220** | **129** | **7** | **175** | **181** |

На крајот од 2022 година, во комерцијалните радиостаници биле вработени 356 лица. Од нив, 18% биле вработени во радиостаниците на државно ниво, 34% во радиостаниците на регионално ниво и 48% во радиостаниците на локално ниво.




Само кај радијата коишто емитуваат на ниво на целата држава имало повеќе лица во редовен работен однос, додека кај регионалните и локалните радија побројни биле хонорарно ангажираните лица.

Бројот на новинари во комерцијалните радија изнесувал 160 лица, од кои 63% биле жени. Повеќе жени од мажи биле ангажирани и во категоријата „маркетинг“ (четири лица повеќе). Вкупниот број на вработени жени во сите радија изнесувал 155 лица, а на мажи 201 лице.




Во останатите сектори мажите биле побројни од жените, а најголема разлика имало кај техничкиот кадар.

Со високо образование биле 220 од вработените во комерцијалниот радиски сектор, што претставува 62% од вкупниот број на вработени во сите радија. Од нив, 135 лица биле новинари.




Средно образование имале 129 лица, а најголем дел од нив (34 лица) биле технички кадар, односно биле ангажирани како инженери и техничари.

Со друго образование биле седум лица.

Од вкупниот број на вработени, 83% биле од македонска националност, 13% од албанска, 2% од турска и по 1% од српска, влашка и бошњачка националност.



**Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Палата Панко  Брашнаров, ул. „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје**
**Тел. 02/3103-400**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**